Бр. 02-844/20
13.11. 2017 г.
Скопје

Согласно со членовите 2, 3 и 7 од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, (бр. 02-770 од 11.2.2011 година, бр. 02-712/19 од 3.11.2011 година, бр. 02-754/41 од 25.10.2012 година, бр. 02-965/7 од 28. 10. 2013 година, бр. 02-1192/5 од 31.10.2014 година и бр. 02-915/2 од 30.10.2015 година) и Одлуката на Универзитетскиот сенат за распишување Интерен конкурс бр. 02-844/20 од 6.11.2017 година, се распишува

# ИНТЕРЕН КОНКУРС
## за распределба на средствата за културни и спортски активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за учебната 2017/2018 година

**1.** Учесници во културните и спортските активности, кои финансиски ги помага Универзитетот, се студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**2.** Спортските и културните активности, како и доделените финансиски средства, треба да се реализираат до крајот на учебната 2017/2018 година.

**3.** Дел од приходите остварени од уплатените средства на студентите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за информативни, информатички, културни, спортски и други активности ќе се распределуваат врз основа на доставена програма на субјектите која ќе добие приоритет, и тоа:

- одделно за проектите од областа на културата;
- одделно за проектите од областа на спортот.

**4.** Сите проекти што ќе конкурираат треба да бидат организирани на ниво на универзитетски активности.

**5.** Право да се јават на Конкурсот, како организатори на проектите од областа на спортот и културата, имаат факултетите и организациите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје формирани согласно со закон (универзитетски организации).

Нема да бидат финансирани паралелно организирани исти спортски или културни активности.

**6.** Со пријавата на Конкурсот се доставува и:

- доказ дека субјектот е универзитетска организација што се докажува со доставување на: тековна состојба од Централниот регистар на РМ, статут и годишна програма за работа;
- програма за потреба од средствата за културни или спортски активности, а секој проект треба да биде опишан на начин и согласно со образецот кој ќе биде доставен.

**7.** Корисниците на средствата се должни да ги трошат средствата наменски за одобрените спортски или културни активности.

**8.** Корисниците на средствата се должни до Универзитетот да доставуваат периодичен и завршен извештај за потрошените средства, во зависност од динамиката на реализацијата на програмата.

9. Извештајот по овој Интерен конкурс се доставува веднаш по законскиот рок за поднесување годишни пресметки на правните лица и во него треба да бидат искажани:

- направените трошоци по ставки;
- други елементи како доказ за наменско трошење на средствата.

**10.** Субјектите на кои им се доделени средства се должни да ги почитуваат сугестиите и препораките на Комисијата за култура и спорт.

11. Реализацијата на овој Конкурс ќе биде во согласност со одредбите од Правилникот за распределба на средствата за информативни, информатички, културни, спортски и други активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**12.** Конкурсот се објавува на **14.11.2017** година и трае 15 дена сметано од денот на објавувањето.

Потребните документи за учество на Конкурсот се доставуваат до Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, бул. „Гоце Делчев" бр. 9, Скопје, најдоцна до **29.11.2017** година.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

*Прилог (template) кон Интерниот конкурс за културни и спортски активности за 2017/2018*

Појаснување за овој прилог кон Интерниот конкурс:

На субјектите на кои ќе им биде доставен Интерниот конкурс за културни и спортски активности, во прилог им се доставува и овој образец *(template)*, кој треба да го пополнат и да се јават на Конкурсот со свои проекти. Овој образец е поради унифицирање на текстот на апликациите, бидејќи во изминатиот период субјектите кои поднесуваа свои апликации текстовите ги пишуваа на свој сопствен начин, на повеќе десетина страници што претставуваше оптоварување за нив, но и за работата на Комисијата за култура и спорт која ги разгледуваше пристигнатите проекти.

## ОБРАЗЕЦ за апликација за проект/и:

**(Арх. бр. и датум)**

..........................

**До**
**Комисијата за култура и спорт на**
**Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**ПРЕДМЕТ: Пријава на проекти на објавениот Конкурс за ......... (културни) или (спортски) активности (посебно за проекти од областа на спортот, посебно за проекти од областа на културата)**

Во врска со Интерниот конкурс за распределба на средствата за организирање културни и спортски активности на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за учебната 2017/2018 година, објавен од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје,

**Факултетот/субјект ......... – Скопје се пријавува со следниве проекти:**

## ПРОЕКТ бр.1.) Наслов и опис на проектот:

.....................

**Цели на проектот:**

### П Р О Г Р А М А:

**Термин/и за одржување на проектот:**

.........................

**Место на реализација на проектот:**

......................

**Вкупен број на учесници:**

......................

**Организатор:** Факултет/субјект ................ - Скопје
**Адреса:** ул. .......... 1000 Скопје
**Телефон и е-адреса за контакт: ....**
**Одговорно лице:** проф.

**Спецификација на вкупните финансиски средства потребни за реализација на проектот (во денари):**

Пример:

| | |
|---|---|
| Авторски надоместоци за учесниците во реализацијата на проектот | XXX,00 |
| Изработка на пропаганден материјал (плакати, флаери, програми и сл.) | XXX,00 |
| Трошоци за транспорт на опрема, за организација и други трошоци за помош на технички работи | XXX,00 |
| Фотографирање, аудио и видеоснимање и изработка на DVD и CD | XXX,00 |
| Набавка, изработка и умножување на материјал | XXX,00 |
| Друго | XXX,00 |
| | |
| *Вкупно денари* | XXX,00 |

**Предвидена динамика и рокови на користење на средствата (пример):**
................

# <u>ПРОЕКТ бр. 2.) **Наслов и опис на проектот:**</u>

**<u>(исто како и под реден бр. 1)</u>**

**Вкупен износ на предвидените трошоци за организација на СИТЕ проекти ИЗНЕСУВА............................... XXX,00 ден.**

______________________________
**Потпис на овластено лице и печат**